Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани Македонија
Телl. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 33-1648/1
11.08. 2022 ГОД.
КОЧАНИ

# Годишен план
# за проценка на ризици од корупција во Општина Кочани за 2022 година

**Кочани, Август 2022 година**

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани Македонија
Телl. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

## 1.Вовед

Имајќи го во предвид Законот за спречување на корупција и судирот на интереси и Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупција, произлегува фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина. Од таа причина неопходна е борба против оваа т.н. рак рана на секое општество како обврска на секоја единка. Општина Кочани во текот на 2022 година ќе се фокусира кон проценка на ризиците од корупција која се користи како превентивна алатка за идентификување на факторите на ризик и ризиците по однос на корупцијата, предлагање на соодветни мерки за нивно отстранување и санкционирање на сторителите со цел ефикасно справување со корупцијата во рамките на институцијата, како и јакнење на интегритетот на вработените и подобрување на управувањето во Општина Кочани.

Проценката на ризиците од корупција треба да обезбеди утврдување на факторите што претставуваат закана од корупција, нивна анализа и оценување на ризикот за појава на корупција, како и приоритизирање на ризиците за да бидат соодветно адресирани.

Во таа смисла, неопходно е примена на методи за идентификување на ризиците од корупција на ниво на институцијата и идентификување на факторите што претставуваат и придонесуваат за креирање на ризици на корупција, како и идентификување и планирање на решенија и мерки за превенција од корупција.

## 2.Поимање на корупција

Под корупција во смисла на Законот за спречување на корупција и судирот на интереси ( „Службен весник на Република Македонија " бр.12/19) се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службена должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани Македонија
Телl. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19 ) секој е должен во вршење на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и законите ( **Начело на законитост** – член 3 од Законот ) , да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно ( **Начело на интегритет** -член 4 од Законот), право на еднаков пристап кон вршење на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности ( **Начело на еднаквост** - член 5 ) ; Вршењето на власта, фукнцијата, јавните овластувања, службена должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола ( **Начело на јавност** – член 6 ) и секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон ( **Начело на заштита и одговорност** - член 7 ) .

**2.1.Дефиниции на термини употребени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ( „ Службен весник на Република Македонија “ бр. 12/19 )**

-Под поимот **„ службено лице “** се подразбираат сите избрани и именувани лица и вработени во јавниот сектор;

-Под поимот **„ корист “** се подразбира остварување на секој вид на материјална или нематеријална, придобивка или предност за себе или за друг;

-Под поимот **„ ризик од корупција “** се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која преставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции во јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами и несовесно користење на овластувањата и други прашања од значењето на интергитетот;

-Под поимот **„ интегритет “** се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и траспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице односно вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на

корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршење на јавните функции и во работата на јавните институции;

Под поимот **„ јавен интерес “** се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупциајта;

-Под поимот **„ јавно овластување “** се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес и

-Под поимот **„ службена должност “** се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија односно од службена положба на тоа лице.

**3.Фактори на ризици на корупцијата**

При проценка на ризиците од корупција се користат термините **„ризик “** и **„ фактор на ризик “.** Овие поими честопати се поистоветуваат, меѓутоа ризикот треба да се разбере како поширока категорија зашто може да биде производ од повеќе фактори на ризик.

Под фактор на ризик од корупција се подразбира се што може да биде **„ прозор “** за корупција, односно се што може да поттикне вршење и толерирање на корупција. Најчеста поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

**-Системски или надворешни фактори на ризици од корупција** – фактори кои ја отсликуваат постојната состојба во однос на правната регулатива во дадена област/сектор, владеење на правото, функционирање на институциите, нивната меѓусебна координација и сл.

**-Институционални/организацски фактори на ризици од корупција** - фактори на ризици од корупција кои произлегуваат од институционалната поставеност во јавниот систем во насока на тоа дали тој е соодветен за извршување на функциите за определена област/сектор, односно дали постојат сите потребни институции, дали се надлежностите јасно

дефинирани, каква е нивната меѓусебна координација и сл. При проценка на ова ниво се практикува макро гледиште ( на ниво на општество ( систем) или сектор, односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизивици на конкретната институција).

**-Индивидуални фактори на ризици од корупција -** фактори кои може да влијаат на поединците да пристапат кон коруптивно или неетичко однесување. ( Примери за индивидуални фактори на ризици од корупција: недостаток на интегритет, недостаток на знаење ( некомпетентност), недостаток на практични вештини ( искуство ), притисоци на работа, подложност на политичко/партиско влијание, несоодветен надзор врз работата на конкретно лице/работна задача, практикување на судир на интереси, чуство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа, недоволна мотивираност на работа, социјален статус и култура на однесување и практикување на одговорноста ) и

**-Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена хоризонтална област или сектор -** фактори кои можат да се идентификуваат како можна појава кај сите институции кои се вклучени или каде се врши определн процес, ( пр. областа на јавните набавки ) во смисла на детектирање на заедничките предизвици кои произлегуваат од законските решенија или праксата на работата. При проценка на ризици од корупција треба да се практикува макро гледиштето ( на ниво на систем ), односно фокусот не треба да биде ставен на внатрешните предизвици на конкретната институција. Кај проценката на факторите на ризици од корупција на ниво на сектор ( не само во една област- пр. јавни набавки) со цел да се добие слика за слабостите во функционирањето на секторот кои можат да потикнат корупција.

## 4.Проценка на ризици од корупција

Проценката на ризици од корупција е процес на идентификување, анализа и оценка на ризиците од корупција. Проценката на ризиците од корупцијата се користи како превентивна алатка за идентификување на факторите на ризик и ризиците по однос на корупцијата и интегритетот на јавниот сектор, односно како алатка за подобрување на управувањето со конкретна јавна институција, сектор , проект или процес.

Проценката на ризици од корупција треба да обезбеди утврдување на факторите што преставуваат закана од корупција, нивна анализа и

оценување на ризикот ( определување на степенот на заканата) за појава на корупција, како и приоритизирање на ризиците за да бидат соодветно адресирани.

Во зависност од опфатот, проценката на ризици од корупција може да биде заснована на макро или микро гледиште. Макро гледиште подразбира идентификување, анализа и оцена на ризиците од корупција на хоризонтално ниво во општеството или на секторите во целите, додека микро гледиштето подразбира проценка на ризиците од корупција во рамките на институцијата / етнитет или самостоен субјект.

Општината во рамките на своите надлежности утврдени согласно Законот за локална самоуправа, преку проценката на ризици на микро ниво ги идентификува следните можни форми на корупција:

-постапување или непостапување на вработените во Општина Кочани при вршење на службените задачи и овластувања, за што како возврат прибавуваат ( бараат ) за себе или за друг некаква ( или прифаќаат некаква) корист, погодност, интерес за себе или за друг или на друг начин ќе му нанесат штета;

-непочитување на стандардните постапки и процедури при спроведување на постапките за вработување, назначување и разрешување на / од раководни позиции;

-злоупотреби на службената положба и овластување заради директно или индиректно ветена, понудена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг;

-барање на материјален или нематеријален надомест за издавање на различни одобренија , решенија , лиценци и дозволи;

-можности за корупција при исполнување на делокругот на надлежности на организациони единици, а се поврзани со комуникација со странки и правни лица преку кои се вршат одредени набавки за потребите на општината.

-некомплетни или нецелосно пополнети барања за доделување на договори за јавни набавки со потребните податоци од страна на организациони единици на општината, доставени до Секторот за финансиски прашања;

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани Македонија
Телl. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

-можност за прилогодување на критериумите за доделување на договор за јавна набавка за одреден понудувач, во текот на изработката на барање за доделување на договор за јавна набавка;

-предвидување на услови и способности кои е потребно да ги исполнуваат економските оператори кои предивикуваат нееданов третман на економските оператори и се во спротивност со начелото на конкурентност во постапката за јавна набавка.

**5.Идентификување и планирање на решенија и мерки за превенција од корупција**

Идентификувањето и планирањето на решенија и мерки за сузбивање и елиминирање на ризиците од корупција ќе биде насочено кон:

1.Унапредување на професионалноста и јакнење на интегритетот на административните службеници во рамки на општината;

-Професионализација, департизација и деполитизација на вработените ;

-Континуирана и специјализирана обука на вработените во општината со цел јакнење на свеста на вработените преку едукација, за последиците од коруптивните дејства;

-Преземање превентивни активности кон нововработените службеници;

-Континуирана професионална едукација на вработените во општината , преку одржување на обука за примена на Законот за јавни набавки, обуки за спречување на корупција итн.;

2.Почитување на законската и подзаконската регулатива од страна на административните службеници во вршењето на работите и работните задачи од работното место во рамки на општината преку:

-Почитување на правилници и процедури за работа во Општина Кочани;

-Правилна примена на Законот за јавни набавки;

-Правилна примена на Законот за финансиска дисциплина;

-Правилна примена Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

-Почитување на Кодексот за административни службеници.

3.Меѓуинституционална соработка во борба против корупцијата и криминалот;
4.Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција - како и доследна примена на Процедурата за прием на пријави од укажувачи заради заштитено пријавување во Општина Кочани;

5.Јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на општината;

6.Зајакната контрола и надзор на јавни набавки преку доследна примена на Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија " бр.24/2019 ) и Интерната процедура за спроведување на постапките за јавни набавки ;

Во постапките за јавни набавки од особена важност е вршење на на истражување на пазарот во врска со тоа: колкав број на економски оператори на пазарот во Република Северна Македонија ги исполнуваат предвидените минимални услови за утврдување на способности , како и во однос на стоките и услугите кои треба да се набават, како и бројот на економските оператори кои можат да ги извршат, обезбедат или испорачаат таквите услуги и стоки. При утврдување на минималните услови за утврдување на способност, во барањето и техничката спецификација особено е битно да не се ограничи конкуренцијата меѓу економските оператори во спротивно задолжително да се изменат минималните услови за утврдување на способност;

7.Зголемување на опсегот на процеси кои се предмет на Одделението за внатрешна ревизија, со подетален пристап кон примена на Законот за јавни набавки.

**6.Цел на планот**

Целта на овој план е Општина Кочани во 2022 година да создаде антикорупциска работна средина во која борба против корупцијата ќе ја реализира преку правилна проценка и идентификација на ризиците на корупција како и факторите на корупција со крајна цел превенција, елиминирање и минимизирање на ризиците кои можат да бидат основа за вршење на корупција. Во рамките на превенцијата општината ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

подеднакво се важни политичката волја, нормативни решенија, институционална рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личен капацитет и интегритет на административните службеници како и соработката меѓу институциите во земјата.

**7.Завршни одредби**

Планот за проценка на ризици од корупција на Општина Кочани за 2022 година ќе се применува со денот на негово донесување , и истиот ќе се објави на веб страната на општината.

Кочани, 09.08.2022 година

**Општина Кочани**
**Градоначалник,**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *